Архивски број: 08 - 156/2
04-03-2025 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-156/1 од 28.01.2025 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, за извршена дискриминација од страна на Државно училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид "Димитар Влахов" – Скопје и овластеното лице – [redacted], во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14, а во врска со член 24 став (5) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**НЕ СЕ ПОВЕДУВА ПОСТАПКА** по поднесена претставка бр. 08–156/1 од 28.01.2025 година, поднесена од лицето [redacted] од Скопје, против Државно училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид "Димитар Влахов" – Скопје и овластеното лице – [redacted], **ПОРАДИ ЗАСТАРЕНОСТ.**

## Образложение

На 28.01.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: "**Комисијата**") беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на лицето [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, против Државно училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид "Димитар Влахов" – Скопје и овластеното лице – [redacted]

Во претставката подносителот се повикува на сторена дискриминација врз него на работното место поради неправеден третман и нееднакво постапување на наведениот потенцијален дискриминатор кон него, и тоа во периодот од март 2021 година до донесување на Решение за отказ на неговиот Договор за веаботување поради неисполнување на работните обврски заведен под бр. 04-1019/1 од 21.09.2021 година. Во претставката подносителот детално ги наведува дејствијата преземени од негова страна и од страна на потенцијалниот дискриминатор кои резултирале со низа правни акти. Воедно дава хронологија на настаните и приложи докази меѓу кои и акти од негово обраќање до надлежни институции, инспекторати и надлежен суд.

Со оглед на сето изнесено, Комисијата обрна должно внимание на наводите во претставката и детално ја разгледа истата, по што утврди дека дејствијата на кои подносителот се повикува и укажува дека со истите е сторена дискриминација кон него, се преземени пред повеќе од 6 (шест) месеци од дознавањето за актот на дискриминација, односно пред повеќе од 1 (една) година од денот кога била сторена повредата. Наведеното во контекст на фактот дека настапил како релативен така и апсолутен рок на застареност за постапување на Комисијата и преземање на дејствија во рамки на законските надлежности.

Земено предвид наведеното, а особено член 24 став (5) од Закон а спречување и заштита од дискриминација според кој “***претставката може да се поднесе најдоцна во рок од шест месеци од дознавањето за актот на дискриминација или најдоцна една година од денот кога била сторена повредата”,*** се одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
03.03.2025 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted]
- Архива на КСЗД